SILOTER
FORMULA ZA USPEH

# Ecoter Beton kontakt

**Производ**: Структурна подлога за бетонски површини.

**Состав**: Еднокомпонентен премаз врз база на полимер, гранулат и додатоци.

**Особини:** Ја подобрува адхезијата на мазните и слабо апсорбирачките подлоги. Ја изедначува подлогата и малку ја зголемува нејзината водоотпорност. Ги врзува честичките од прашина. Ја подобрува адхезијата на машинскиот малтер на мазни и слабо абсорбирачки подлоги. Лесно нанесување. Ја зголемува грубоста на површината и со тоа ја подобрува адхезијата.

**Употреба:** Се користи како стабилизатор на врската помеѓу рамни бетонски површини, како работна површинаи материјалите што треба да се аплицираат и како прајмер.Производот е наменет за внатрешна и надворешна употреба.Погоден е за апликација врз: бетон, гипс, гипс-картон, малтер, вар и др.

**Подготовка на материјалот**: Пред употреба материјалот треба да се промеша до дното на кантата со електричен миксер, со мал број на вртежи, затоа што може да дојде до таложење на гранулатот.Обично Бетон контактот не треба да се раствора,особено ако се нанесува на мазни бетонски површини или по потреба, ако се нанесува на порозни површини, се разредува максимум со 5-10% чиста вода, по што се меша до потполна хомогенизација. Производот не се разредува со никаков тип на разредувачи.

**Време на сушење**: При температура од 20°C потребни се 4 часа, за да се исуши аплицираниот Бетон контакт. После работа приборот веднаш да се измие со вода.

**Подготовка на подлога:** Подлогата треба да биде здрава, цврста, сува, чиста, обезмастена, обеспрашена и без лабилни делови. Температурата на подлогата и воздухот треба да биде во граници помеѓу +5°C и +35°C, при релативна влажност на воздухот до 60 %. . Бетон контактот се аплицира на температура од +5°C до +30°C, во еден слој, со валјак или четка, според потребите.Површините кои се обработуваат во моментот на вградување не треба да бидат директно изложени на сонце, дожд и силен провев. Бетонските површини пред нанесување на Бетон контактот треба да се со старост на зреење барем 28 дена.Бетон контактот треба да се нанесе 12 часа пред да се продолжи со нанесување на следниот слој.

**Предупредување:** При работа се препорачува користење на лична заштитна опрема, според законските прописи во државата каде што се користи овој производ. На кожата и дишните патишта нема штетни влијанија.

**Пакување: Во пластични канти од 20 кг.**

**Складирање**:Во оригинално пакување. На температура од +5°C до +35°C. Да не се чува изложено на сончева топлина и да се избегнуваат извори на топлина. Производот не е резистентен на ниски темепратури, што значи дека треба да се заштити од мрзнење.

**Потрошувачка:** Во зависност од рапавоста на површината околу 250гр./м2.

**Рок на траење:** 1 година во оригинална, неотворена и соодветно складирана амбалажа.